# РАМКА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

2023, Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# РАМКА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Рамката е подготвена од работна група составена од претставници од Бирото за развој на образованието, ИРЕКС и од Македонскиот институт за медиуми.

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IREX

Овој документ е реализиран во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ што го спроведува ИРЕКС заедно со Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за комуникациски студии (ИКС) и Младинскиот образовен форум (МОФ) во соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар.

Документот е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината е одговорност на ИРЕКС и на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА


**1 ВОВЕД** 4

1.1. ШТО ПРЕТСТАВУВА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ 4

1.2. ПОТРЕБА ОД ВОВЕДУВАЊЕ МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 6

**2 ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО** 8

2.1. ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ И ПРЕПОРАКИ 9

2.2. ЗАСТАПЕНОСТ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОБРАЗОВНИТЕ СИСТЕМИ НА ДРУГИ ЗЕМЈИ 13

2.3. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 15

2.4. ИСТРАЖУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ 17

**3 КОМПЕТЕНЦИИТЕ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** 19

3.1. НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 19

**4 МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ** 23

4.1. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ КАКО ПОСЕБНА ТЕМА ВО ПРЕДМЕТИТЕ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, АЛБАНСКИ ЈАЗИК, ТУРСКИ ЈАЗИК, СРПСКИ ЈАЗИК И БОСАНСКИ ЈАЗИК 24

4.2. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ КАКО ПОСЕБНА ТЕМА ВО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНФОРМАТИКА 34

4.3. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД УЧЕЊЕ ВО РАЗЛИЧНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ 35

4.4. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ПРЕКУ СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ 38

**5 КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАЗВИВАЊЕ МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ** 39

# 1

# ВОВЕД

## 1.1. ШТО ПРЕТСТАВУВА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ

Најшироко прифатената дефиниција на медиумската писменост ја определува како **способност да се пристапи до медиумите, да се анализира, да се вреднува и да се создава медиумска содржина, и да се дејствува користејќи ги сите форми на комуникација.** Терминот медиумска писменост вклучува два поима: медиуми и писменост. Под медиуми се подразбираат сите електронски или дигитални средства и сите печатени и уметнички визуелни содржини што се користат за пренесување информации или пораки до многубројна публика. Писменоста претставува способност да се кодираат и декодираат симболите и да се синтетизираат и анализираат пораките. Оттаму произлегува дека медиумската писменост е **способност за кодирање и за декодирање на симболите пренесени преку медиумите и за синтетизирање, анализирање и продуцирање медиумски пораки во најразлични форми.**[1]

1 Национална асоцијација за образование за медиумска писменост (National Association for Media Literacy Education). [https://namle.net/resources/media-literacy-defined/]

Во современи услови, луѓето сè повеќе се бомбардирани од сите страни со информативни, забавни и едукативни содржини, кои пренесуваат информации користејќи комбинации од зборови, слики и звуци што допираат до сите сетила, влијаејќи врз мислите и чувствата, како и врз начинот на размислување и однесување. Поради тоа, за да се биде успешен ученик, одговорен граѓанин или продуктивен работник, потребни се компетенции за „паметно" користење на информациите од сите присутни медиуми. За тоа е неопходно да развиваат вештини што ќе им помогнат да ги разберат пораките и успешно да ги користат сите алатки што им се на располагање за креирање и праќање сопствени пораки. Со други зборови, да се биде писмен во дигиталната ера во која владеат медиумите, значи да се поседуваат вештини за критичко мислење, кои не само што овозможуваат соодветно користење и креирање медиумски пораки, туку помагаат и при носењето релевантни и одговорни одлуки во сите други ситуации од секојдневното живеење.

Од образованието за медиумска писменост се очекува да ги оспособи учениците да им пристапуваат на медиумите, да ги анализираат пораките и да ги евалуираат информациите до кои доаѓаат, самите да креираат медиумски пораки и да дејствуваат, односно да ги користат информациите што ги добиваат преку медиумите на безбеден и одговорен начин.[2] Тоа значи дека во текот на образовниот процес учениците треба да научат како да **пристапуваат** до медиумите за да дојдат до најразличен вид информации, но и да се стекнат со дигитални вештини за да можат ефикасно да ги користат медиумите и медиумските апликации, кои постојано се менуваат и се надоградуваат.

Откако ќе научат да пристапуваат до медиумските содржини, учениците треба да стекнат вештини за **анализирање** на медиумските пораки. Со анализата, всушност, се обезбедува одговор на следните прашања:[3]

### 1. *Кој ја создал пораката?*

Помага учениците да научат дека сите пораки се конструирани со определена намера и се резултат на изборот направен од авторот/авторите, поради што е неопходно на нив да се гледа од критичка дистанца.

### 2. *Кои техники за привлекување на вниманието се употребени?*

Преку истражување на форматот на медиумската порака, начинот на кој е конструирана и компонентите (зборови, музика, бои, движења, агол на снимање и сл.) што се употребени за да се состави, учениците научуваат како пораката ја постигнува саканата цел.

### 3. *На кои други начини може да се разбере пораката?*

Овозможува учениците да научат дека луѓето што се разликуваат според верувањата, интересите и искуствата различно толкуваат иста порака, додека, пак, за луѓето што се послични поголема е веројатноста дека слично ќе ја разбираат.

### 4. *Кои вредности и гледишта се претставени во пораката, а кои се изоставени?*

Помага учениците да научат дека изборот што авторите го прават кога ја конструираат пораката, одразува определени вредности, ставови и гледишта.  Понекогаш медиумите можат да бидат невнимателни и да создаваат и/или да поддржуваат стереотипи, наместо да се стремат кон фер и урамнотежено пренесување различни идеи и гледишта.

### 5. *Зошто е пратена пораката?*

Преку утврдување кој го контролира создавањето и пренесувањето на пораката чија крајна цел најчесто е да се оствари

2 Висока школа за новинарство и за односи со јавноста (2018). *Прирачник за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации*. [https://www.medium.edu.mk/attach/Priracnik-za-mediumska-pismenost-MK.pdf?5c1a6b78]

3 Center for Media Literacy (2005). *Media Kit*. [https://www.medialit.org/sites/default/files/14B_CCKQPoster+5essays.pdf]

профит или да се стекне моќ, учениците учат да откриваат кому му е наменета пораката, да препознаваат пропагандни и манипулативни содржини, да проверуваат кој има корист од она што го пренесува пораката и да разликуваат веродостојни од лажни, манипулативни и злонамерни информации.

Освен анализирањето на пораките, од суштинска важност е учениците да научат и критички да ја **вреднуваат** нивната содржина. Тоа ќе им помогне да препознаваат дали информацијата дадена во пораката е вистинита или е лажна, дали е професионална новинарска вест или е манипулација, дали е објективно или е пристрасно пренесена. Критичката евалуација на медиумските содржини се прави по однос на четири димензии:[4]

1. ***Релевантност:*** Дали и колку информацијата е битна за целта за која треба да се користи?
2. ***Точност:*** До кој степен информациите содржат фактички и ажурирани детали што може да се проверат преку алтернативни или примарни извори или треба да се сметаат за лажни?
3. ***Пристрасност:*** Од која позиција авторот ја обликувал информацијата? Дали се забележува наклоност во содржината?
4. ***Веродостојност:*** Колку може да ѝ се верува на информацијата врз основа на степенот на доверба што ја ужива авторот, односно пренесувачот на информацијата.

Друг корпус вештини што се стекнуваат преку образованието за медиумска писменост се однесува на **создавањето** медиумски пораки и содржини што овозможува да се искористи дигиталниот простор за споделување информации. Основните причини за растечкиот тренд на користење на социјалните медиуми може да се бараат во психолошката потреба на луѓето да добиваат општествена потврда, да развиваат и да негуваат врски со други луѓе, да се забавуваат, но и да добиваат поддршка на сопствените идеи, ставови и верувања. Клучот на ефективната комуникација е во умешноста да се препознае сопственото гледиште, да се искаже прецизно, јасно и на соодветен начин, со целосно разбирање дека искажаните пораки имаат влијание.

Посебен сегмент на образованието за медиумска писменост е **дејствувањето**, односно користењето на информациите добиени преку медиумите за донесување одлуки и за преземање соодветни акции. Стекнувањето вештини за анализирање и за вреднување на медиумските пораки и содржини, го отвора патот за оспособување на учениците за донесување соодветни и одговорни одлуки што можат да имаат последици по поединецот, кој одлучува врз основа на пораките и на информациите пренесени преку медиумите, но може да има влијание и врз општествените групи на кои им припаѓа и на пошироки сегменти од општественото живеење.

# 1.2.
# ПОТРЕБА ОД ВОВЕДУВАЊЕ МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Посебно внимание на медиумската писменост во нашата држава за првпат е посветено во Предлог-стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Северна Македонија за периодот 2013-2017 година.[5] Документот јасно ја нагласува потребата од промовирање на медиумската писменост како најголем интерес на македонското

4 Coiro, J. (2017). *Teaching Adolescents How to Evaluate the Quality of Online Information.* Edutopia website. [https://www.edutopia.org/blog/evaluating-quality-of-online-info-julie-coiro]

5 АВМУ (2013). *Предлог-стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Северна Македонија за периодот 2013-2017 година.* [https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan.pdf]

општество и од вклучување на институциите во обезбедување формално образование за медиумска писменост. Регулаторната стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Северна Македонија за периодот 2017-2023 година ги следи истите определби.[6]

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2021 година[7] се истакнува должноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги да ја поттикнува медиумската писменост така што ќе соработува и со образовните институции. Исто така, Македонската радио-телевизија (МРТ) има законска обврска да создава и да емитува програми што се однесуваат на поттикнување на медиумската писменост. Во контекст на тоа дека медиумите имаат и образовна улога (освен да информираат и да забавуваат), јавниот сервис во изминативе години емитува образовни, промотивни и информативни содржини поврзани со медиумската писменост наменети за ученици, за млади и за пошироката публика, што ги реализира во соработка со образовните институции и со граѓанскиот сектор.

Во значајните стручни документи и закони што се однесуваат на образованието нема одделни делови што се однесуваат на потребата или на начините на применување на медиумската писменост. Во наставните програми по мајчин јазик (македонски јазик, албански јазик, турски јазик и српски јазик) за основното и за средното образование и досега имало цели и содржини за „медиумска писменост“, но тие, реално, повеќе се содржини за медиумска култура и не се во контекст на современото сфаќање на медиумската писменост. Во „Стратегијата за развој на образованието за 2018-2025 година и акциски план“[8] се спомнува само *информатичката писменост*.

Со реформите во основното образование, започнати во 2020 година, за првпат се воведува медиумската писменост во документите што се основа за реформата, и тоа во Националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование. Најголем дел од компетенциите поврзани со медиумската писменост може да се препознаат во подрачјата Јазична писменост и Дигитална писменост.

Потоа, националните стандарди се преточуваат во резултатите за учење и стандарди за оценување во наставните програми по одделни предмети. Во рамките на наставниот предмет мајчин јазик (Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик) медиумската писменост е вклучена од прво до деветто одделение како посебна тема, а може преку разни стандарди и активности да се најде и во другите предмети. Промените во наставните методи и во наставниот приод воопшто, што произлегуваат од Концепцијата за основно образование,[9] ја наложуваат потребата од развивање на критичкото мислење кај учениците и истовремено се засноваат на креирање и користење медиумски содржини во реализација на наставните програми. Во рамките на слободните изборни предмети се остава широк простор за развивање наставни предмети од областа на медиумската писменост.

Според препораките од меѓународните документи како и во согласност со образовните политики во нашата држава, процесот на воведување образование за медиумска писменост во училиштата е проследен со јакнење на компетенциите на наставниците преку обуки за наставниците што реализираат настава според новите наставни програми што се воведуваат во согласност со динамиката на спроведувањето на новата Концепција за основно образование.

6 АВМУ (2019). *Регулаторна стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Северна Македонија за периодот 2017-2023 година.* [http://avmu.mk/files/1_predllog_strategija.pdf]

7 Службен весник на Република Македонија (2013). *Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.* [https://praksis.mk/]

8 МОН (2018). *Стратегија за развој на образованието 2018-2025.* [https://mon.gov.mk/page/?id=2048].

9 Биро за развој на образованието (2021). *Концепција за основно образование.* [https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf]

# 2

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Препознавањето на значењето на медиумската писменост и потребата таа да биде вклучена во програмите за образование на младите се случува во средината на 20 век. Се смета дека првиот документ што препорачува вклучување на медиумската писменост во образованието е т.н. *Извештај на Комисијата на Хачинс*, „Слободен и одговорен печат", објавен во 1947 година. Извештајот е резултат на студија спроведена од комисија составена од научници и новинари, предводена од Роберт М. Хачинс, тогашен претседател на Универзитетот во Чикаго.

Во извештајот се нагласува важноста на образованието за медиумска писменост за промовирање слободен и одговорен печат во едно демократско општество. Се препорачува медиумската писменост да се учи во училиштата, а едукаторите да им посочат и пренесат на учениците вештини за критичка процена на вестите и на информациите што ги добиваат од медиумите.

Токму затоа, *Извештајот на Комисијата на Хачинс* е значаен документ во историјата на медиумската писменост и се смета како клучен во развојот на образованието за медиумска писменост во Соединетите Американски Држави и низ светот.

Оттогаш до денес, целите и значењето на медиумска писменост се проширени и потребата од вклучување на медиумската писменост во образованието е сè повеќе нагласувана.

# 2.1.
# ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ И ПРЕПОРАКИ

Во последните петнаесетина години, особено по согледување на ефектите од интернетот и од социјалните медиуми на индивидуално и на општествено ниво, развиени се повеќе значајни документи и препораки поврзани со медиумската писменост во образованието на светско ниво и во Европската Унија.

## 1. Декларацијата на УНЕСКО за медиумско образование (1982)

Во 1982 година 19 земји го потпишаа документот, а неговата содржина го отвори патот за вклучување на медиумската писменост во образовните системи во многу држави. Декларацијата ги повикува надлежните институции:

- да иницираат и да поддржат сеопфатни програми за медиумско образование – од предучилишно до универзитетско ниво, како и во рамките на образованието за возрасни, со цел да се развијат знаењата, вештините и ставовите што ќе поттикнуваат раст на критичката свест и поголема компетентност кај корисниците на електронските и на печатените медиуми;
- да развиваат обуки за наставници и за едукатори со цел да се зголеми нивното знаење и разбирање за медиумите и да се обучат за соодветните наставни методи;
- да стимулираат истражувачки и развојни активности поврзани со медиумското образование во рамките на областите какви што се психологијата, социологијата и комуникациските науки;
- да поддржуваат и да јакнат активности што имаат цел да ја поттикнат меѓународната соработка во медиумското образование.

## 2. Годишни конференции за медиумска писменост (1998 – 2022) организирани од Националната асоцијација за образование за медиумска писменост на САД (НАМЛЕ)

На годишните конференции се собираат едукаторите, креаторите на политики и медиумските професионалци за да разговараат за важноста на медиумската писменост во образованието. Од конференциите произлегуваат препораки за промовирање на образованието за медиумска писменост, кои се релевантни за образовните политики низ светот. Некои од клучните препораки од конференциите и од публикациите на НАМЛЕ вклучуваат:

- вклучување на образованието за медиумска писменост во училишните/наставните програми на сите нивоа и низ предметните области;
- обезбедување можности за професионален развој за наставниците за да ги подобрат своите вештини за медиумска писменост и да го вклучат образованието за медиумска писменост во наставата;
- поттикнување соработка помеѓу едукатори, медиумски професионалци и истражувачи за да се развијат ефективни програми и ресурси за медиумска писменост;
- промовирање критичко размислување и анализа на медиумските пораки и на нивното влијание врз општеството;
- поддршка на развојот на компетенциите за медиумска писменост, вклучувајќи ја способноста за пристап, анализа, оценување и креирање медиумски пораки;
- препознавање на важноста на медиумската писменост во промовирањето на граѓанскиот ангажман и учеството во едно демократско општество;
- поттикнување на развојот на образовни програми за медиумска писменост што

се културно релевантни и се однесуваат на прашањата на социјалната правда и еднаквост.

Иако овие препораки не ги опфаќаат сите прашања и предизвици на медиумската писменост во образованието, сепак тие претставуваат основа за креаторите на политиките и за едукаторите што се заинтересирани за развивање и за вклучување на медиумската писменост во образовните системи.

## 3. Извештај на Комисијата на Институтот Аспен за информациските потреби на заедниците во демократија (2009)

Извештајот ја нагласува потребата од едукација за медиумска писменост во Соединетите Американски Држави. Комисијата бара медиумската писменост да биде внесена во наставните програми на сите нивоа на образование и на неа да се гледа како на основна компетенција за граѓанско учество.

Овие документи ја нагласуваат потребата од едукација за медиумска писменост во денешната дигитална доба и обезбедуваат насоки за едукаторите и за креаторите на политиките за тоа како да ја промовираат медиумската писменост во училиштата и во заедниците.

## 4. Програма на УНЕСКО за медиумска и информациска писменост (MIL) за наставници (2011)

Овој документ дава насоки за едукаторите како да ги подучуваат учениците за медиумска и информациска писменост. Усвоен е од Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО) во 2011 година и вклучува збир на компетенции што учениците треба да ги развијат за да станат информирани и одговорни граѓани во дигиталниот свет.

Главните компетенции што ги посочува документот се:

- разбирање на улогата на медиумите и на информациите во општеството (разбирање на различните видови медиуми и нивната улога во обликувањето на јавното мислење и влијанието врз донесувањето одлуки);
- пристап и оценување на медиумите и на информациите (развивање вештини за пронаоѓање, оценување и ефективно користење различни видови медиуми и извори на информации);
- создавање медиуми и информации (креирање и споделување различни видови медиуми и информации, вклучувајќи текст, слики и видео);
- разбирање на етиката на медиумите и на информациите (разбирање на етичките размислувања вклучени во креирањето и во споделувањето медиуми и информации, вклучувајќи прашања какви што се приватност, авторски права и плагијат);
- разбирање на законот за медиуми и информации (разбирање на правната рамка околу медиумите и информациите, вклучувајќи прашања какви што се слободата на говорот, клевета и цензура);
- разбирање на образованието за медиумска и информациска писменост (разбирање на начелата и на практиките на образованието за медиумска и информатичка писменост, вклучувајќи го и развојот на наставната програма, методите на настава и оценувањето).

Овие компетенции се осмислени да им помогнат на наставниците да ги развијат знаењата, вештините и ставовите потребни за да ги подучуваат ефективно своите ученици за медиумска и информациска писменост.

## 5. Глобална алијанса за партнерства за медиумска и информациска писменост (ГАПМИЛ) (2013)

Алијансата во 2013 година ја промовираше УНЕСКО, а ја поддржаа голем број партнерски организации, вклучително и Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации (УНАОЦ) и Медиумската и информациската писменост и мрежата за меѓукултурен дијалог (МИЛИД). Оваа организација обединува поединци и институции од целиот свет за да го промовира образованието за медиумска и информациска писменост.

ГАПМИЛ има развиено начела и насоки за едукација за медиумска и информациска писменост, кои служат како водич за креаторите на политики и за едукаторите и вклучуваат:

- право на пристап до информации и изразување различни гледишта;
- промоција на слободата на изразување и на медиумскиот плурализам;
- потребата од развивање критичко размислување и аналитички вештини за оценување на медиумските пораки;
- промоција на креативноста и на способноста за создавање медиумска содржина;
- признавањето на улогата на медиумите и на информациите во промовирањето на социјалната вклученост, културната различност и демократското учество;
- важноста на соработката помеѓу различни засегнати страни во промовирањето на образованието за медиумска писменост, вклучувајќи ги едукаторите, медиумските професионалци и граѓанските организации;
- потребата да се промовира медиумската писменост во образованието во текот на целиот животен век, од раното детство до зрелоста;
- потребата да се промовира медиумската писменост во образованието и во формалните и во неформалните образовни услови.

ГАПМИЛ има развиено и насоки за образовните системи за медиумската писменост што вклучуваат препораки за развој на наставни програми, обука на наставници и евалуација. Целта на овие упатства е да обезбедат практични насоки за едукаторите и за креаторите на политики што сакаат да го промовираат образованието на медиумската писменост во своите заедници.

## 6. Препорака на Советот на Европа за медиумска писменост во дигиталната средина (2018)

Овој документ дава насоки за унапредување на медиумската писменост во Европа и ги охрабрува земјите членки да развијат сеопфатни стратегии за едукација за медиумска писменост. Тој е донесен од Советот на Европа во 2018 година и ја нагласува важноста на медиумската писменост во промовирањето на демократското граѓанство, критичкото размислување и социјалната вклученост.

Во 2023 година, Европската комисија додаде насоки за тоа како земјите членки треба да известуваат за напредокот во поттикнување и развивање на вештините за медиумска писменост преку донесување законска и подзаконска регулатива, обезбедување институционална поддршка, финансирање, развивање курикулуми и евалуација на преземените активности.

## 7. Резолуција на Европскиот парламент за борба против дезинформациите (2018)

Европскиот парламент во 2018 година донесе резолуција што ја нагласува потребата од едукација за медиумска писменост за борба против дезинформациите и лажните

вести. Резолуцијата ги повикува Европската комисија и земјите членки да развијат стратегии за медиумска писменост и да го зголемат финансирањето на програмите за медиумска писменост.

## 8. Европска недела на медиумска писменост на Европската комисија (2019)

Европската комисија ја започна Европската недела на медиумска писменост во 2019 година, со цел да се подигне свеста за важноста на медиумската писменост кај европските граѓани. Иницијативата вклучува настани, работилници и онлајн ресурси за промовирање на образованието за медиумска писменост.

## 9. Насоки за наставници и за едукатори за справување со дезинформациите и промовирање на дигиталната писменост преку образование и обуки (2021)

Европската комисија во 2021 година објави *Насоки за наставници и за едукатори за справување со дезинформациите и промовирање на дигиталната писменост преку образование и обуки*[10] што претставуваат јасна определба за јакнење на улогата на образованието и на обуките за промовирање на дигиталната писменост и справувањето со дезинформациите. Документот ја нагласува централната улога на наставниците и на едукаторите во основното и во средното образование да им помогнат на младите да стекнат компетенции и вештини за доживотно учење во новото дигитално опкружување. Препознавајќи го трендот дека дигиталните технологии ќе влијаат врз сите области од животот, професионални и приватни, *Насоките* посочуваат дека совладувањето на дигиталните вештини и знаења во училницата ќе им помогне на младите луѓе да станат активни граѓани на 21 век. Документот содржи цели за учење, педагошки практики и практични активности што треба да ги инспирираат и да им помогнат на наставниците и на едукаторите да ги вклучат овие важни теми и вештини и да ги применуваат на час. Темите се однесуваат на градење вештини за дигитална писменост на час и на училиште, што се дезинформации и практични насоки за наставниците за процена на дигиталната писменост на час.

## 10. Етички насоки за едукатори за употребата на вештачката интелигенција и на податоците во предавањето и учењето (2022)

Имајќи ја предвид сè почестата употреба на вештачката интелигенција (ВИ) во различни сфери, Европската комисија донесе и *Етички насоки за едукаторите за употребата на вештачката интелигенција и на податоците во предавањето и учењето.*[11] Целта е да им се помогне на наставниците и на едукаторите да размислуваат за тоа како можат да ја користат вештачката интелигенција и податоците во нивните дневни практики, односно во училиштата низ Европа. Документот посочува дека користењето на системите за вештачка интелигенција може потенцијално да ги подобри наставата и учењето, да обезбеди подобри резултати од учењето и да им помогне на училиштата да работат поефикасно. Меѓутоа, ако тие апликации за ВИ не се соодветно дизајнирани или се користат невнимателно, образованието може да претрпи штетни последици. Затоа овие насоки треба да им помогнат на

10 Европска комисија (2021). *Насоки за наставници и едукатори за справување со дезинформациите и промовирање на дигиталната писменост преку образование и обуки.* [guidelines for teachers and educators on tackling-NC0922371ENN (2).pdf]

11 Европска комисија (2022). *Етички насоки за едукаторите за употребата на вештачката интелигенција и на податоците во предавањето и учењето.* [ethical guidelines on the use of artificial intelligence-NC0722649ENN.pdf]

едукаторите да бидат внимателни и сигурни дека користењето на ВИ е сигурно, фер, безбедно и дека се користи за добри цели.

### 11. Стандарди за ученици на Меѓународното здружение за технологија во образованието на САД (ISTE) (2016)

Овие стандарди се фокусираат на дигиталното граѓанство, кое ги опфаќа вештините за медиумска писменост, какви што се разбирање на влијанието на медиумските пораки, оценување на кредибилитетот на изворите и користење на медиумите за ефективно комуницирање. Прифатени се од многу значајни образовни институции низ светот, вклучувајќи ги: Министерството за образование на Соединетите Американски Држави, Националното здружение за образование (НЕА), Американското здружение на училишни библиотекари (AASL), Меѓународната организација за бакалауреат, Европската училишна мрежа и Меѓународното здружение за образование (ISTE). Покрај овие организации, многу поединечни училишта исто така ги прифатија овие стандарди како рамка за интегрирање на технологијата и на дигиталните медиуми во својата наставна практика и промовирање дигитално граѓанство и технолошка писменост кај учениците.

## 2.2. ЗАСТАПЕНОСТ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОБРАЗОВНИТЕ СИСТЕМИ НА ДРУГИ ЗЕМЈИ

Медиумската писменост се изучува на различни начини и во различен степен во образовните системи во светот веќе педесетина години. Може да се посочи краток преглед за тоа како е претставена медиумската писменост во некои земји во светот:

- Во Канада медиумската писменост е вклучена како дел од наставните програми во повеќето провинции и територии. Во некои училишта медиумската писменост се изучува како посебен предмет, а, исто така, таа е интегрирана во различни предмети, како, на пример, во англиски јазик, во општествени науки и во здравствено образование.
- Во Австралија медиумската писменост е вклучена во курикулумот како општа компетенција, што значи дека се изучува по сите предмети, при што се нагласува развојот на критичкото размислување, комуникацијата и вештините за креативност во однос на медиумите и на дигиталните технологии.
- Медиумската писменост е вклучена во курикулумите во Англија, Велс, Шкотска и во Северна Ирска, но се изучува поинаку во секоја земја. Во Англија таа е интегрирана во наставната програма по англиски јазик, додека во Шкотска е посебен предмет. Во Велс и во Северна Ирска, медиумската писменост е интегрирана во различни предмети како, на пример, во англиски јазик и во информатика.
- Медиумската писменост е интегрирана во финскиот курикулум под предметната област Дигитална компетентност, која

включува теми од медиумска писменост, кодирање/програмирање и безбедност на интернет. Наставниците се поттикнуваат да ја вклучат медиумската писменост во наставата по различни предмети.

- Медиумската писменост се изучува како посебен предмет во курикулумот на Јужна Кореја, при што фокусот е ставен на разбирање на медиумските пораки, медиумската продукција и медиумската етика. Таа е исто така интегрирана во други предмети, како што се корејски јазик и општествени науки.

Медиумската писменост е вклучена во образовните системи на земјите од Европската Унија (ЕУ), при што може да се сретнат различни модели:

- Во Франција медиумската писменост е интегрирана во курикулумот во рамките на предметната област Информации и комуникација, во која се вклучени теми какви што се дигитално граѓанство, анализа на медиумите и медиумска продукција. Таа е исто така вклучена во други предмети од областа на историја и географија.
- Во Германија медиумската писменост е интегрирана во курикулумот во рамките на предметната област Медиумско образование, која вклучува теми како историја на медиумите, медиумска анализа и медиумска продукција. Исто така е интегрирана во други предмети какви што се јазици, уметности и општествени науки.
- Во Италија медиумската писменост е интегрирана во курикулумот како „Дигитално образование" и вклучува теми какви што се: дигитално граѓанство, анализа на медиумите и медиумска продукција. Исто така е вклучена во други предмети какви што се јазици, уметности и општествени науки.
- Во Шпанија медиумската писменост е интегрирана во курикулумот како област „Аудиовизуелна комуникација и рекламирање", која вклучува теми какви што се анализа на медиумите, медиумска продукција и медиумска етика. Исто така, таа е интегрирана во други предмети.
- Во Холандија медиумската писменост е вклучена како специфична цел за учење во основното и во средното образование. Таа е интегрирана во различни предмети какви што се јазици, уметности, општествени науки и дигитални технологии.
- Во основното образование на Словенија, медиумската писменост е интегрирана во различни предмети од областа на словенечки јазик и литература, општествените науки и информатиката. Учениците учат за различни форми на медиуми, какви што се печатени, дигитални, аудиовизуелни и онлајн медиуми, и истражуваат теми од областа на медиумско претставување, рекламирање, пропаганда и проверка на информации.

Од дадените примери може да се заклучи дека медиумската писменост главно се изучува како посебен предмет или е интегрирана во други предмети какви што се јазици, уметности, општествени науки и дигитални технологии. Таа е вклучена во различни предметни области и во целите за учење во земјите на ЕУ, со фокус на развивање критичко размислување, дигитално граѓанство и вештини за медиумска продукција. Специфичната имплементација на образованието за медиумска писменост се разликува во зависност од карактеристиките на образовниот систем на секоја земја одделно.

# 2.3. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Медиумската писменост, во последната деценија, е вклучена во основното и во средното образование на сите нивоа во нашата држава на различни начини, почнувајќи од неформални активности на проекти на невладини организации, истражувања, реализација на обуки на наставници и реализација на активности во училиштата како дел од проекти на организации што се поддржани од институциите на системот, па сè до вклучување на медиумската писменост на различни начини во стручни и во регулаторни документи.

Реализирани проекти и активности за медиумска писменост:

- Една од првите иницијативи за унапредување и за вклучување на медиумската писменост во образованието во Северна Македонија беше спроведена во рамките на проектот „Унапредување на медиумската писменост во образованието во Македонија" (2009 – 2011) што го спроведоа Македонскиот институт за медиуми, Институтот за демократија, Европскиот центар за новинарство од Мастрихт, Холандија, во соработка со Бирото за развој на образованието. Во рамките на проектот беа реализирани обуки за околу 1.100 наставници од основните и од средните училишта, кои беа обучени за воведување на медиумската писменост во наставата. Во 2010 година беше издаден Прирачник за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик (македонски, албански, српски и турски јазик), чија цел беше да им помогне на наставниците да ги унапредат познавањата на учениците за улогата и функцијата на медиумите во демократските општества. Македонскиот институт за медиуми од 2009 година спроведува различни активности поврзани со медиумската писменост, какви што се обуки, конференции, кампањи, истражувања и создавање ресурси за унапредување на свесноста и на знаењето на различни целни групи за оваа тема. Институтот соработува со институциите, граѓанските организации, медиумите и новинарите, училиштата, наставниот кадар и со учениците за поттикнување системско вклучување на медиумската писменост, првенствено во образовната и во медиумската сфера.
- Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат" (2021 – 2026) е најобемниот проект досега во областа на медиумската писменост во Северна Македонија. Во фокусот на активностите е вклучување на медиумската писменост во наставните програми во основното, средното и во високото образование. Во рамките на проектот се организираат и обуки за наставници од основните и од средните училишта за медиумска писменост, се обезбедуваат ресурси и материјали за подготовка на час, вклучувајќи и прирачници за наставниците за реализација на наставата. Целта на проектот е да се изгради отпорност од дезинформации, како и создавање активно, одговорно граѓанство водено од емпатија. „Младите размислуваат" е проект на УСАИД што го спроведува ИРЕКС во партнерство со Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за комуникациски студии (ИКС) и Младинскиот образовен форум (МОФ), а во соработка со Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО) и Државниот испитен центар (ДИЦ).
- Институтот за комуникациски студии (ИКС) ја промовира медиумската писменост меѓу граѓаните во соработка

со медиумите, граѓанските организации, академските и јавните институции. Институтот спроведува образовни курсеви и продуцира ресурси што можат да се користат во наставата и онлајн, а организира и годишни активности и настани, какви што се кампањи за подигање на свеста, кампови за медиумска писменост за средношколци и Ден на медиумска писменост во чии рамки се организираат онлајн квизови, неформални тематски состаноци меѓу дигитални професионалци, вебинари, посети за запознавање медиуми.

Онлајн платформата „Медиум“ (www.medium.edu.mk) е водечка младинска иницијатива на ИКС, започната во 2011 година, преку која младите можат слободно да се изразат за прашања што влијаат врз нивниот живот. „Медиум“ се заснова на неформални партнерства со речиси 40 средни училишта и приближно 30 медиуми. На веб-страницата може да се најдат информации за многубројните активности поврзани со медиумската писменост во средните училишта.

- Во рамките на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност – КриТинк“, кој го реализираа Фондацијата Метаморфозис и ЕВРОТИНК, а го финансира Европската Унија во периодот 2018 – 2020 година, спроведено е истражување со цел да се анализира состојбата во делот на афинитетите и на ставовите што целната група (младите) ги има кон процесот на мислење и критичко мислење. Освен овој аспект, вниманието на истражувањето е насочено кон навиките за информирање, користењето на медиумите и различните форми на информативни алатки кај младите во Република Северна Македонија. Инаку, општата цел на проектот е да ја промовира медиумската писменост како основа за зачувување на правото на граѓаните да имаат различни мислења, преку стимулирање култура на критичко размислување, плурализам на мислења и демократски вредности.

  Фондацијата Метаморфозис со поддршка на Фондацијата Отворено општество – Македонија во периодот 2019 – 2022 година реализира повеќе наставни активности, конференции и други активности посветени на медиумската писменост и на актуализирање на потребата од образование за медиумска писменост.

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со законските надлежности презема различни активности за развивање на медиумската писменост. Агенцијата организира обуки на различни целни групи за медиумска писменост, соработува со владини и со невладини организации и дава поддршка на активности насочени за промовирање и развој на медиумската писменост.

- Една од позначајните иницијативи за поддршка, промоција и унапредување на медиумската писменост е создавањето на Мрежата за медиумска писменост, која ја управува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да ги олесни комуникацијата и консултацијата меѓу различните субјекти во земјава што работат на подигнувањето на нивото на медиумската писменост на сите граѓани. Во 2023 година ММП броеше 83 членки – јавни институции и министерства, граѓански организации, образовни установи, медиуми, компании и физички лица. Од 2019 година Мрежата ги организира и Деновите на медиумската писменост, глобална годишна манифестација, која ја иницираше УНЕСКО, во чии рамки се организираат различни настани поврзани со аспекти на медиумската писменост во образованието, медиумската индустрија и во други општествени сфери. Така, на пример, настанот „Наставниците клучни за подигање на свеста за

медиумската писменост" во организација на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) беше посветен на влијанието на социјалните медиуми врз младите, користењето на новите технологии за стекнување знаења и вештини, како и иднината на медиумската писменост во образованието.

## 2.4. ИСТРАЖУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со ОБСЕ спроведе две истражувања за нивоата на медиумска писменост кај населението (+16) во 2016 и во 2019 година, кои претставуваат почетни показатели за нивоата на медиумска писменост во Северна Македонија.[12] Истражувањето од 2019 година упатува на тоа дека младите генерации поседуваат повеќе дигитални вештини и способности од повозрасните групи во општеството, меѓутоа им недостасуваат вештините поврзани со функционалната писменост, односно активно и ефективно да ги користат комуникациските технологии и медиумите во современото дигитално опкружување. Така, на пример, се посочува дека публиката е малку активна во креирање сопствени содржини и информации, а причините за ова се поврзани не само со недостатокот на способности и вештини меѓу популацијата, туку и во факторите што го одредуваат поширокото социо-политичко, образовно и културно опкружување. Некои од главните препораки на истражувањето се:

- интегрирано развивање на дигиталните и на медиумските компетенции, критичкото размислување и граѓанските знаења и свесност низ системот на формално и неформално образование. Притоа треба да се унапредува свесноста за граѓанска одговорност и критичка свесност при користењето, создавањето и споделувањето информации во јавната сфера;
- развивање програми за доживотно учење од областа на дигиталната и на медиумската писменост наменети за повозрасни групи или други сегменти на популацијата, со цел да се намали „дигиталниот јаз" што е резултат на разликите во знаењето, пристапот или други фактори;
- медиумите, особено јавниот сервис, со сопствени активности и проекти, да придонесат кон подигнувањето на медиумските компетенции на граѓаните и во развивањето на комуникациско-партиципативните аспекти на медиумската писменост.

Високата школа за новинарство и Институтот за комуникациски студии имаат спроведено две истражувања што ја адресираат застапеноста на медиумската писменост во формалното образование. Истражувањето „Медиумската писменост во Македонија: алатка што недостасува за активно граѓанство" од 2016 година се однесува на застапеноста на медиумската писменост во средното образование, во граѓанскиот сектор и кај медиумите.

Во 2018 година беше спроведено истражувањето „Медиумската писменост во Македонија – обид за имплементација во основното образование"[13] со цел да се утврди актуелната состојба во имплементацијата на медиумската писменост во основното образование во Северна Македонија. Клучни прашања што се поставуваат

12 АВМУ (2016). *Истражување за медиумската писменост кај возрасната популација во Македонија.* [https://mediumskapismenost.mk/avmu-istrazuvanje-za-mp-kaj-vozrasnata-populacija-na-rm/]; АВМУ (2019). *Истражување на нивото на МП кај популацијата 16+.* [https://mediumskapismenost.mk/kampanja-dvapati-proveri-ednash-veruvaj/]

13 Шопар, В., Теменугова, А. и Аксентиевска, М. (2018). *„Медиумската писменост во Македонија: Обид за имплементација во основното образование.* Висока школа за новинарство и односи со јавноста. [http://www.medium.edu.mk/attach/Mediumskata-pismenost-vo-Makedonija-obid-za-impelementacija-vo-osnovnoto-obrazovanie-MKD.pdf]

во ова истражување се: како се третира медиумската писменост во образованието, со какви способности се стекнуваат учениците од сферата на медиумската писменост, кои облици на стекнување знаења за медиумската писменост се користат (дидактички материјал, опрема, просторни услови, училишни и вонучилишни активности) и каква е едукацијата на наставниот кадар за медиумска писменост.

Препораките на истражувањето се следните:

- воведување на концептот на медиумска писменост во образовниот процес како интеркурикуларен модел на медиумско образование. Дизајнирање, планирање и реализирање програма за медиумска писменост во основното образование чиишто цели ќе бидат комплементарни со трите основни елементи на овој концепт: пристап, анализа и продукција на медиумски содржини во сите можни форми;
- ревизија на постојните наставни планови и програми во основното образование со вклучување теми што имаат за цел да го поттикнат критичкото восприемање и анализа на медиумските содржини, особено оние на коишто се најмногу изложени учениците – новите медиуми и социјалните мрежи. Оспособување на учениците со вештини и знаења за медиумска продукција и користење на предностите на медиумите за артикулирање на сопствените интереси како активни граѓани во општеството;
- развивање политика за континуирани обуки, програми за професионален развој и едукација на наставниот кадар за медиумска писменост. Развивање систем на вреднување на ангажманот на наставниците во активности со кои се поттикнува медиумската писменост кај учениците (раководење со новинарските, драмските и слични секции, подготовка и одржување училиштен весник – печатен или онлајн, организирање драмски и театарски активности и сл.);
- осовременување на литературата што се користи во наставата со теми за медиумска писменост: ревидирање на учебниците – на сите јазици на кои се изведува наставата – во кои се третира улогата на медиумите во современото живеење и збогатување на дидактичките помагала за наставниците од оваа област (прирачници, практикуми и сл.);
- поголема ангажираност на Бирото за развој на образованието во следењето на имплементацијата на наставните програми, со цел навремено утврдување на потребите на наставниот кадар и на учениците, особено за темите чијашто цел е да ја унапредат медиумската писменост кај учениците.

# 3

# КОМПЕТЕНЦИИТЕ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 3.1. НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Заедно со *Концепцијата за основното образование* од 2020 година се донесени и *Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование*. Во Националните стандарди се вградени клучните компетенции за доживотно учење, кои произлегуваат од Препораката на Советот на ЕУ од 2018 година и ги земаат предвид и препораките од меѓународни студии и од други документи на ЕУ, наменети за подобрување на квалитетот на образованието во земјите членки и за усогласување на образовните системи во Европа.

Компетенциите претставуваат комбинација од знаења, вештини и ставови, при што:

- под *знаења* се подразбираат факти, процедури, концепти, идеи и теории, кои го поддржуваат разбирањето на одредена област или предмет;
- како *вештини* се сметаат способностите и капацитетите за примена на стекнатото знаење;
- во *ставови*, односно вредности, се вбројуваат мислењата, верувањата и подготвеноста да се дејствува или да се реагира на идеи, личности или ситуации.

Клучните компетенции за доживотно учење од европската рамка се приспособени како на возраста на учениците што го завршуваат основното образование, така и на контекстот на македонското општество, а при нивното дефинирање се земени предвид и досегашните искуства во основното образование во нашата држава. По направеното приспособување, осумте подрачја на компетенции за доживотно учење од европската рамка се именувани како:

I. ЈАЗИЧНА ПИСМЕНОСТ
II. КОРИСТЕЊЕ ДРУГИ ЈАЗИЦИ
III. МАТЕМАТИКА И ПРИРОДНИ НАУКИ
IV. ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ
V. ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ
VI. ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА
VII. ТЕХНИКА, ТЕХНОЛОГИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО
VIII. УМЕТНИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И КУЛТУРА.

Преку развивање на медиумската писменост, учениците од основното образование се оспособуваат:[14]

- ➔ критички да размислуваат (да го откриваат значењето на пораките и да креираат пораки преку кои ќе можат да го искажат своето мислење);
- ➔ паметно да ги користат информациите (да ја утврдат веродостојноста на информациите и да ги откријат намерата и техниките во рекламирањето);
- ➔ да препознаваат искажано гледиште (да ценат различни перспективи и да ги искористат информациите за креирање и/или за модификување на сопственото гледиште);
- ➔ одговорно да креираат содржини (да ги пренесат пораките што сакаат да ги кажат, свесни за последиците од тоа);
- ➔ да ја препознаат улогата на медиумите во сопствената култура (да го препознаваат влијанието на пораките пренесени преку медиумите врз размислувањето и дејствувањето на луѓето);
- ➔ да ја разберат целта на пораките (да сфатат што сака авторот да постигне кога креира и пренесува одредена порака).

14 Common sense media (2020). *What is media literacy and why is it important?* [https://www.commonsensemedia.org/articles/what-is-media-literacy-and-why-is-it-important]

Наведените компетенции од областа на медиумската писменост се вградени во повеќе подрачја од Националните стандарди, и тоа главно како компоненти на трансверзалните компетенции што се очекува да се стекнат преку повеќето од задолжителните предмети. Најголем дел од компетенциите поврзани со медиумската писменост може да се препознаат во подрачјето Дигитална писменост (IV). Тука спаѓаат следните знаења и вештини, како и ставови/вредности:

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

- » да ги истражува и да ги споредува можностите на познати и на нови дигитални уреди и самостојно да процени, да одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација;
- » да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување;
- » да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, да избере и да преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот;
- » да избере и да користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење;
- » да одбере и да користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби;

- на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци;
- во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор;
- да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност;
- да истражува можности за користење различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или за да создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика;
- да дефинира критериуми за квалитетот на дигиталните продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста.

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

- неодговорното и неумешното користење на ИКТ има ограничувања и може да носи ризици за поединецот или за општеството;
- потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и да се користат, но треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и на информациите што се достапни преку дигиталните уреди;
- во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, на приватноста и на емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници;
- информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за доброто на луѓето.

Значајно е присуството на компетенциите поврзани со медиумска писменост и во подрачјата: Јазична писменост (I), Личен и социјален развој (V) и Општество и демократска култура (VI). Во овие подрачја најрелевантни се следните знаења и вештини:

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

- да ги изразува и да ги пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели;
- да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации;
- критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми;
- да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки;
- да ги формулира и да ги аргументира своите гледишта, да ги сослушува и да ги анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува;
- да го анализира влијанието на пишаните, на електронските и на социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги заснова сопствените ставови.

Концепцијата за основното образование од 2020 година предвидува сите компетенции вклучени во Националните стандарди да се стекнуваат преку изучување на наставните предмети. Некои од нив се препознаат во резултатите од учење и стандардите за оценување одделни предмети, особено кога станува збор за наставни предмети што директно произлегуваат од подрачјата во Националните стандарди. Постојат и трансверзални компетенции што се вклучени во наставните програми преку активностите за учениците наменети за постигнување на стандардите за оценување, односно на резултатите од учење. Компетенциите за медиумска писменост може да се сретнат и во едната категорија и во другата категорија – еден дел од нив може директно да се поврзат со конкретни наставни предмети, а друг дел припаѓаат на повеќе наставни предмети истовремено.

# 4

# МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Компетенциите од медиумска писменост што произлегуваат од Националните стандарди за основното образование се вклучени во наставните програми на различни начини. Еден начин е преку воведување посебна тема посветена на медиумската писменост во предметите: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик, од прво до деветто одделение. Другиот начин е преку вградување одделен аспект од медиумската писменост во резултатите од учење, односно во содржините и во стандардите за оценување во други наставни предмети во некои одделенија. Со третиот пристап медиумската писменост се користи како алатка за реализација на одделни активности што служат за постигнување одредени стандарди за оценување во речиси сите наставни предмети во различни одделенија. Четвртиот начин е преку давање простор за продлабочено изучување одделни аспекти од медиумската писменост преку слободните изборни предмети од четврто до деветто одделение.

# 4.1. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ КАКО ПОСЕБНА ТЕМА ВО ПРЕДМЕТИТЕ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, АЛБАНСКИ ЈАЗИК, ТУРСКИ ЈАЗИК, СРПСКИ ЈАЗИК И БОСАНСКИ ЈАЗИК

Во сите наставни програми по наведените предмети (I–IX одделение) компетенциите од медиумска писменост се директно вградени во посебна тема со дефинирани резултати од учењето, содржини и стандарди за оценување, како и примери на активности за постигнување на стандардите за оценување.

Во табелите што следуваат може да се види како се развивани темите од медиумска писменост од прво до деветто одделение.

## I одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да издвојува информации од различни видови медиуми со помош на наставникот;
2. да ја разбере содржината на гледана театарска претстава за деца и/или куклена претстава.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Медиуми и медиумски содржини за деца (анимирани филмови, телевизиски емисии, интернет-содржини, списанија за деца) | → Издвојува информации од слушната медиумска содржина по дадени насоки (текст од радиоемисија, телевизиска реклама/радиореклама, анимиран филм).<br>→ Издвојува информации од пишана медиумска содржина по дадени насоки (од брошура, реклама од весник/билборд, списание за деца, текст преземен од интернет).<br>→ Поставува прашања во врска со гледана медиумска содржина (анимиран филм/телевизиска емисија). |
| → Културни настани (театарска претстава за деца, куклена претстава) | → Ја раскажува содржината на претставата по дадени прашања. |

## II одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да разликува и да наведува различни видови медиуми;
2. да ги разбира медиумските пораки и да прави разлика меѓу известување, рекламирање и давање упатства;
3. да идентификува и да толкува информации и пораки во текстуални, сликовни и во дигитални медиумски содржини за известување, за давање упатство и за рекламирање;
4. да креира куси медиумски пораки за известување, за давање упатство и за рекламирање.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Видови медиуми (печатени медиуми, визуелни медиуми, интернет-медиуми) | → Ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет-медиуми, мобилен телефон). |
| → Видови медиумски пораки (известување, упатство, реклама) | → Ги наведува изворите на медиумските пораки (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет, мобилен телефон).<br>→ Прави разлика меѓу медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама.<br>→ Извлекува важна информација од различни видови медиумски пораки. |
| → Толкување и користење медиумски содржини | → Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои.<br>→ Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти.<br>→ Го препознава значењето на дигиталните икони (емотикони, гифови и мимови) во мобилните и компјутерските апликации.<br>→ Креира клучни зборови и изрази и избира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака. |
| → Креирање медиумски пораки и содржини | → Избира медиумски содржини за презентирање поими и разработка на теми.<br>→ Составува куса медиумска порака во вид на реклама, упатство и информирање. |

## III одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да наведува примери за да објасни/опише како медиумите влијаат врз корисниците;
2. да објасни како безбедно се користи мобилен телефон за пристап до информации преку апликации;
3. да пребарува и да наоѓа потребни информации на интернет преку користење клучни зборови;
4. да креира едноставни медиумски содржини со поврзување текст со илустрации.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
| --- | --- |
| → Влијание на медиумите (проблематични и поучни информации, манипулативни содржини) | → Прави разлика помеѓу проблематични и поучни информации во медиумските содржини.<br>→ Објаснува (преку пример) како содржините во медиумите влијаат врз емоциите на корисниците.<br>→ Идентификува манипулативни содржини во медиумите. |
| → Користење мобилен телефон (паметен уред, апликации за телефон/паметен уред, икони, емотикони) | → Наведува апликации на мобилен телефон/паметен уред што се корисни и безбедни за користење.<br>→ Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорно и неодговорно користење мобилен телефон.<br>→ Објаснува (преку пример) зошто лозинката за телефонот не треба да се споделува со другите.<br>→ Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорна и неодговорна комуникација преку мобилен телефон (преку разговор или пораки).<br>→ Илустрира текстуална порака со соодветен емотикон. |
| → Пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Гугл) | → Објаснува (преку пример) што претставува интернетот.<br>→ Определува клучни зборови во реченици и во куси текстови.<br>→ Наоѓа потребна информација на интернет преку пребарување на Гугл. |
| → Креирање едноставни медиумски содржини | → Користи различни начини за презентирање информации (текст, слика/фотографија, видеоснимка).<br>→ Создава медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видеоснимка. |

## IV одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да пребарува, да издвојува и да користи информации од различни медиуми;
2. да  прави разлика меѓу офлајн и онлајн реалност;
3. да ги објасни придобивките и предизвиците од играњето видеоигри;
4. да ја сфати и да ја пренесе пораката од културен настан (посетен или најавен);

Ученикот/ученичката е свесен/свесна за:

5. негативното влијание од неограничено користење на онлајн медиумите во слободното време.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Информации од различни медиуми | → Пронаоѓа информации од различни медиуми за сопствени потреби/интереси.<br>→ Издвојува информации (според дадени барања) прикажани во различни медиуми (телевизија, интернет, списание и сл.).<br>→ Користи информации од различни медиуми за да создаде сопствени текстови на дадена тема. |
| → Офлајн и онлајн реалност (достапност до информации, ажурирање, интерактивност, глобална поврзаност) | → Ги наведува и ги објаснува (преку пример) разликите меѓу офлајн и онлајн реалноста во начинот на комуникација и пристапот до информации.<br>→ Ги наведува и ги објаснува (преку примери) предностите на онлајн содржини. |
| → Видеоигрите како вид медиум (видеоигри со акција, авантура, играње улоги, стратегија, симулација, спорт; насилство и агресија, зависност, изолираност, физичка неактивност; забава и релаксација, брзина на реакција, решавање проблеми, креативност) | → Наведува примери на видеоигри што се различни според содржината.<br>→ Ги наведува и ги објаснува (преку примери) негативните ефекти од играњето видеоигри.<br>→ Ги наведува и ги објаснува (преку примери) позитивните страни на играњето видеоигри. |
| → Културни настани | → Ја објаснува содржината и идејата на културен настан на кој присуствувал.<br>→ Искажува свое мислење за културен настан на кој присуствувал и дава образложение зошто така мисли.<br>→ Креира покана/рекламен постер за културен настан во училиштето или во заедницата. |

## V одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да прави разлика меѓу традиционални и дигитални медиуми и да ги објаснува нивните предности и недостатоци;
2. да разликува факти и мислења во медиумски содржини и да креира медиумски содржини со користење факти и мислења;
3. да користи едноставни начини за верификување информации и фотографии од интернет.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:

4. последиците од претерано користење на социјалните мрежи;
5. потребата од проверка на вистинитоста на информациите на интернет и на социјалните мрежи.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Традиционални и дигитални медиуми<br>→ Социјални медиуми | → Ги наведува сличностите и разликите меѓу традиционалните и дигиталните медиуми.<br>→ Ги објаснува предностите и недостатоците на користењето интернет при пребарување содржини.<br>→ Ги објаснува предностите и недостатоците на социјалните медиуми. |
| → Факти и мислења (информација, вест, интервју, лажна информација/ дезинформација) | → Прави разлика меѓу пренесување факти и искажување личен став/мислење во медиумски содржини.<br>→ Креира кратка вест за настан.<br>→ Креира медиумска содржина преку која се пренесуваат факти или/и мислења.<br>→ Креира едноставни прашања за спроведување интервју.<br>→ Користи едноставни начини за проверка на веродостојноста на медиумски содржини на интернет. |

## VI одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да прави разлика меѓу вести и мислења;
2. да ја објаснува улогата на новинарството и потребата од придржување до етичките стандарди (непристрасност и балансираност);
3. да ја објаснува важноста на слободата на изразување и на придржување на етичките стандарди на однесување во дигиталниот простор;
4. да препознава говор на омраза во медиумите и да наведува стратегии за спротивставување на говорот на омраза.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:

5. етичко однесување во онлајн комуникацијата;
6. влијанието на медиумските пораки и содржини врз мислењето на корисниците.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Улогата на новинарството (вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност) | → Наведува примери за информативни содржини и примери за содржини во кои се изнесува мислење.<br>→ Ја објаснува улогата на новинарството во општеството.<br>→ Го објаснува значењето на непристрасноста и на балансираноста како етички стандарди. |
| → Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор (лични навреди и клевети, почитување приватност) | → Ја објаснува важноста на слободата на изразување при креирање и споделување на медиумските содржини.<br>→ Препознава лични навреди и клевети во онлајн комуникација.<br>→ Препознава прекршување на правото на приватност при онлајн комуникација.<br>→ Ги објаснува последиците од неетичко однесување во дигиталниот простор. |
| → Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи (родови стереотипи, возрасни стереотипи, расни стереотипи, професионални стереотипи, говор на омраза) | → Препознава стереотипи во медиумите.<br>→ Објаснува како стереотипите во медиумите ја искривуваат вистината.<br>→ Ги објаснува последиците од ширењето стереотипи преку медиумите и на социјалните мрежи.<br>→ Препознава говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи.<br>→ Објаснува што е говор на омраза.<br>→ Ги објаснува последиците од користење говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи.<br>→ Наведува стратегии за спротивставување со говорот на омраза. |

## VII одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да идентификува и да објаснува дезинформации и манипулации во медиумскиот простор;
2. да идентификува ризици при комуникација на социјалните мрежи;
3. да ги согледува последиците од влијанието на социјалните мрежи врз формирање слика за телото;
4. да прави едноставна анализа на медиумските содржини.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:

5. последиците од ширење дезинформации и користење манипулации во медиумите;
6. потенцијалната опасност на социјалните медиуми по безбедноста и добросостојбата на младите.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Дезинформации и манипулации (погрешни информации/мисинформации, дезинформации и штетни информации/малинформации; визуелни дезинформации, емоционална манипулација) | → Ги објаснува различните типови манипулативни информации што се објавуваат во медиумскиот простор.<br>→ Посочува примери на манипулација со визуелни содржини.<br>→ Објаснува преку пример како визуелните содржини се користат за емоционална манипулација. |
| → Опасности на социјалните мрежи (заштита на лични податоци, скриено рекламирање, лажен профил, бот) | → Објаснува начини за заштита на личните податоци онлајн.<br>→ Препознава скриено рекламирање во различни медиумски содржини.<br>→ Објаснува како се препознава лажен профил на социјална мрежа.<br>→ Наведува карактеристики на ботови.<br>→ Ги идентификува најчестите знаци за лажни профили и ботови на социјалните мрежи. |
| → Социјалните медиуми и слика за телото | → Објаснува, преку примери, како претставувањето на машкото и на женското тело на социјалните медиуми влијае врз формирање слика за телото.<br>→ Објаснува како сликата за „идеалното“ тело претставена преку медиумите влијае врз самодовербата и добросостојбата на младите.<br>→ Наведува стратегии за справување со притисокот што го прават медиумите во врска со сликата за телото. |

| | |
|---|---|
| → Медиумски содржини за информирање и за убедување (медиумско известување, мислење, реклама, социјално рекламирање, односи со јавност, пропаганда)<br>→ Анализа на медиумски содржини (компоненти на медиумска содржина, цел на медиумска порака, техники за привлекување внимание) | → Идентификува медиумски содржини наменети за информирање (медиумско известување).<br>→ Прави разлика помеѓу различни видови медиумски содржини наменети за убедување (мислење, реклама, социјално рекламирање, односи со јавност, пропаганда).<br>→ Открива кој ја создал медиумската содржина и со каква цел.<br>→ Ги објаснува компонентите на медиумската содржина (зборови, музика, бои, движења, агол на снимање и сл.) и како тие придонесуваат да се постигне целта на медиумската порака.<br>→ Идентификува кои техники за привлекување на вниманието се употребени во медиумската содржина.<br>→ Објаснува преку примери како верувањата, интересите и искуствата на луѓето влијаат врз толкувањето на медиумската содржина.<br>→ Препознава кои вредности и гледишта се претставени во дадена медиумска порака, а кои се изоставени.<br>→ Препознава пропагандни и манипулативни содржини во медиумските пораки. |

# VIII одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да објасни како се манипулира со медиумските содржини преку насловите;
2. да провери веродостојност на текстуални и на визуелни информации во медиумските содржини;
3. да креира медиумска содржина и да објаснува како одговорно се споделува.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:

4. последиците од неодговорното споделување медиумски содржини.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Наслови и мамки за кликови („кликбејт“) | → Наведува примери на манипулативни и наведувачки наслови.<br>→ Објаснува (преку примери) како се формулираат наслови на медиумски содржини со цел да се „ловат“ кликови. |
| → Проверка на веродостојноста на информациите и на медиумските содржини (верификација, веродостојност, примарен извор на информација) | → Применува алатки и вештини за проверка на вистинитоста на визуелните содржини.<br>→ Ги применува чекорите за проверка на веродостојноста на дадена медиумска содржина во традиционалните и во онлајн медиумите.<br>→ Ги наведува чекорите за проверка на веродостојноста на содржините во медиумите.<br>→ Проверува датум на објава, извор на информација, вистинитост на цитати и веродостојност на податоци/докази во медиумска содржина на интернет за да ја утврди нејзината веродостојност.<br>→ Определува кредибилност на изворот на информациите.<br>→ Применува различни онлајн алатки за да верификува содржини на интернет. |
| → Видеоигрите како вид медиум (видеоигри со акција, авантура, играње улоги, стратегија, симулација, спорт; насилство и агресија, зависност, изолираност, физичка неактивност; забава и релаксација, брзина на реакција, решавање проблеми, креативност) | → Наведува примери на видеоигри што се различни според содржината.<br>→ Ги наведува и ги објаснува (преку примери) негативните ефекти од играњето видеоигри.<br>→ Ги наведува и ги објаснува (преку примери) позитивните страни на играњето видеоигри. |
| → Креирање и одговорно споделување медиумски содржини | → Креира медиумски содржини: формулира наслови што не се манипулативни, користи кредибилни извори и веродостојни цитати и наведување точни податоци/докази.<br>→ Објаснува што значи одговорно споделување информации преку социјалните мрежи.<br>→ Ги наведува можните последици од неодговорно споделување информации. |

# IX одделение

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да вреднува веродостојност на дадена медиумска содржина за наука и здравје, со користење индикатори за откривање дезинформации;
2. да определува кредибилност на изворите поврзани со наука и здравје присутни во онлајн медиумите и на социјалните мрежи;
3. да креира медиумска содржина од областа на науката и здравјето и да објаснува како одговорно се споделуваат преку медиумите и социјалните мрежи;
4. да објасни како функционираат алгоритмите.

Ученикот/ученичката ќе развива:

5. свесност за штетните последици од верување во непроверени информации поврзани со науката и здравјето;
6. критички пристап кон содржините што му/ѝ се нудат онлајн.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Дезинформации за наука и здравје | → Наведува индикатори што укажуваат на присуство на дезинформации во медиумските содржини за наука и здравје.<br>→ Проверува дали медиумските содржини што се однесуваат на наука и здравје содржат дезинформации. |
| → Веродостојност на информациите и кредибилност на изворите поврзани со наука и здравје присутни во онлајн медиумите и на социјалните мрежи | → Определува кредибилност на изворот на информациите поврзани со наука и здравје.<br>→ Објаснува зошто производителите на лекови, витамини и козметика даваат лажни информации за своите производи.<br>→ Наведува штетни последици од подлегнување на непроверени и лажни информации во врска со лекови, вакцини и лековити билки.<br>→ Применува различни онлајн алатки за верификација медиумски содржини поврзани со наука и здравје. |
| → Креирање и споделување медиумски содржини поврзани со наука и здравје | → Идентификува кредибилен извор на информации за креирање медиумска содржина на дадена тема во врска со наука и здравје.<br>→ Користи цитати и податоци/докази и други веродостојни информации од кредибилни извори при креирање медиумска содржина на дадена тема во врска со наука и здравје.<br>→ Објаснува што значи одговорно споделување информации во врска со наука и здравје преку медиумите и социјалните мрежи. |
| → Алгоритми на социјалните медиуми | → Објаснува како функционираат алгоритмите на социјалните медиуми.<br>→ Објаснува како алгоритмите ги следат навиките и преференциите на корисниците и им нудат приспособени содржини, информации и услуги. |

# 4.2.
# МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ КАКО ПОСЕБНА ТЕМА ВО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНФОРМАТИКА

Одделни аспекти од медиумската писменост се вградени во резултатите од учењето, односно во содржините и стандардите за оценување во предметот Техничко образование и информатика. Како пример може да послужи долната табела:

## Предмет: Техничко образование и информатика (V одделение)
## Тема: Онлајн безбедност

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

» да ги опишува ризиците при користење интернет и социјални мрежи и да ги наведува начините за нивно одговорно и безбедно користење.

Ученикот/ученичката ќе развива:

» свесност дека одговорното користење на интернетот и на социјалните мрежи придонесува за заштита на приватноста, репутацијата и личната безбедност.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| → Безбедно користење на интернетот (интернет, социјални мрежи, онлајн комуникација, веб-страница, лични податоци, вируси, антивирусни програми) | → Ги опишува ризиците и предизвиците поврзани со пребарување на интернет.<br>→ Ги наведува начините за одговорно и безбедно користење на интернетот.<br>→ Ги опишува безбедносните ризици и можностите за злоупотреба при комуникација преку интернет.<br>→ Ги наведува начините за одговорна и безбедна комуникација преку интернет. |
| → Безбедна комуникација на социјалните мрежи (правила за онлајн безбедност, веб-страница) | → Ги објаснува правилата за безбедно користење на интернетот и објаснува за последиците од споделување приватни информации на интернет.<br>→ Објаснува за начините како безбедно да бидат дел од светската мрежа и притоа како да ги заштитат своите лични податоци.<br>→ Ги наведува последиците од споделувањето приватни информации на интернет. |

# 4.3.
# МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД УЧЕЊЕ ВО РАЗЛИЧНИ НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ

Со третиот пристап медиумската писменост се користи како алатка за реализација на одделни активности што служат за постигнување одредени стандарди за оценување во речиси сите наставни предмети во различни одделенија. Притоа, одделни компетенции од медиумската писменост се стекнуваат преку користење и/или креирање медиумски содржини за потребите на конкретен наставен предмет.

Во табелите што следуваат се наведени примери со кои се илустрира наведениот пристап.

## Предмет: **Општество (II одделение)**
## Тема: **Во училиште**

**Примери на активности**

- → Учениците се ставаат во улога на новинари. Влечат картички на кои се запишани професиите на вработените во училиштето (директор/директорка, психолог, дефектолог, педагог, хигиеничар/хигиеничарка и сл.). Секоја група влече по една или две картички и според добиените професии од картичките составуваат прашања за интервју со вработените од соодветната професија што им се паднала на картичките. Секоја група одредува ученик новинар што ќе го води интервјуто, ученик фотограф (кој ќе слика со дигитален апарат) и ученик помошник што ќе запишува. Откако ќе се изведе интервјуто, секоја група презентира пред соучениците. Учениците воочуваат сличности и разлики меѓу професиите и ја воочуваат потребата од нив. Од добиените податоци се составува заедничка книга, која се презентира пред вработените во училиштето.
- → Надоврзување на претходната активност: Наставникот одбира по неколку карактеристики од секоја професија и во описите што претходно ги подготвиле учениците додава и по неколку неточни информации. Учениците имаат задача да ги препознаат невистинитите информации и да објаснат зошто се неточни. Наставникот низ дискусија објаснува дека понекогаш се случува во информациите што доаѓаат до нас да има и погрешни или недоволно точни. Заеднички се заклучува дека е неопходно да се проверува точноста на информациите пред да им се верува.
- → Учениците добиваат задача да опишат видеоигра или да раскажат филм во кој има сцени со насилство. Неколку ученици глумат некои од сцените, а по изведбата наставникот ги прашува што би се случило доколку сцената не е изведба, филм или видеоигра, туку е реална. Учениците преку дискусија констатираат дека последиците во вистинскиот живот се поинакви од последиците на ТВ или во видеоигра (на пример, додека во видеоигрите, ликот што умира може повторно да „оживее“ само со стискање копче, во реалноста, доколку некој нѐ удри, може да нѐ повреди, да нѐ расплаче или може да ни е потребна дури и медицинска помош).
- → Учениците, поделени во групи, цртаат стрип (од три до четири сцени) преку кој прикажуваат насилна комуникација што се разрешува на ненасилен начин. Следува презентирање и дискусија во која се осудува насилната комуникација меѓу учениците.

## Предмет: **Општество (III одделение)**
## Тема: Ја сакам мојата држава

**Примери на активности**

- Во неколку последователни часови, учениците (поделени во групи) прават книги под наслов „Ја сакам мојата земја“. Секоја група за секоја од следните теми прави истражување на интернет (може да користат и Google Earth), избираат фотографии за книгата и пишуваат сосема куси текстови според следните барања:
    1. За Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро пишуваат кус текст во кој ги споредуваат по големина, ги илустрираат со фотографии и на слика од картата на РСМ ги бојат со фломастери.
    2. За Кораб, Шар Планина и Баба пишуваат кус текст во кој ги споредуваат по висина, ги илустрираат со фотографии и на слика од картата на РСМ ги заокружуваат со фломастери.
    3. За Вардар пишуваат текст за тоа каде извира и низ кои градови поминува, ја прикажуваат реката преку фотографии и на картата на РСМ ја нагласуваат со фломастер и ги заокружуваат градовите низ кои тече.
    4. За Маврово, Галичица, Пелистер и Шар Планина пишуваат кус текст со кој објаснуваат зошто се национални паркови и по што се најпознати и ги илустрираат со фотографии.

## Предмет: **Историја и општество (IV одделение)**
## Тема: Средината во која живеам

**Примери на активности**

- Учениците, поделени во мали групи, изработуваат постери или мултимедијални презентации за рекламни кампањи посветени на унапредување на животната средина во општината (за чист воздух/вода, за селекција на отпад, за заштеда на електрична енергија, за велосипедски патеки, за фрлање отпад на места наменети за тоа итн.).
- Учениците, поделени во групи, на интернет истражуваат податоци за карактеристиките на општината. Добиените податоци ги користат за да направат брошура за општината (со графикони за структурата на населението, илустрации за природните богатства и за културното наследство, текст за застапените стопански дејности и за заштитата на животната средина). Би можело да подготват и мултимедијална презентација.
- Учениците подготвуваат мали постери што содржат: 1) илустрација на неодговорно однесување кон животната средина ставено во знак СТОП и 2) текстуална порака за заштита на животната средина. Направените постери ги поставуваат во училишниот двор.

## Предмет: **Природни науки (IV одделение)**
## Тема: Физички карактеристики на Земјата

**Примери на активности**

- Учениците користат податоци од интернет за временските услови во последните три години за еден град што се наоѓа на север и за еден град што се наоѓа на југ на Земјината топка, па ги споредуваат елементите на нивната клима и ги наведуваат факторите што придонесуваат за разликите.
- Учениците, поделени во мали групи, изработуваат постери со мерки за заштита на природните богатства.

## Предмет: **Ликовно образование (IV одделение)**
## Тема: Дизајн и визуелни комуникации

**Примери на активности**

- Учениците дизајнираат стрип, користејќи исечоци од стари весници или фотографии од омилени ликови.
- Учениците создаваат дизајн на корица (од книга, стрип, брошура, списание и сл.) според текст што се обработува по предметот мајчин јазик. Како изразно средство употребуваат компјутер.
- Учениците прават спот и/или реклама на ниво на училиште, при што за дизајнирање користат компјутер и други дигитални уреди.

## Предмет: **Музичко образование (V одделение)**
## Тема: Слушаме музика

**Примери на активности**

- Наставникот прво презентира кус анимиран филм без музичката заднина, а потоа уште еднаш, но овој пат заедно со музиката. Учениците ја поврзуваат музиката со содржината на анимираниот филм и дискутираат како го доживеале во двете ситуации (со или без музика). Истата постапка се повторува и за други анимирани филмови.
- Наставникот презентира инсерти од играни филмови (на пример, „ИТ“, „101 далматинец“) и долгометражни цртани филмови (на пример, „Кралот лав“, „Убавицата и ѕверот“) проследени со музика. Учениците дискутираат за влијанието на музиката во засилување на ефектите што се очекува да се постигнат во наведените сцени. Потоа се пуштаат музичките композиции по кои се познати филмовите чии инсерти се слушаа претходно и учениците дискутираат како ги доживуваат.
- Преку презентација на аудио-видео снимки учениците се воведуваат во балет и во мјузикл како музичко сценски дела. Потоа дискутираат за слушаната музика, за нејзината улога во самото дело и ги истакнуваат разликите меѓу двата вида сценски дела.
- Пример за проектна активност со интеграција на музика, мајчин јазик и информатика/ програмирање: учениците гледаат анимиран филм, дискутираат за карактерот на ликовите и за одвивање на дејството. Потоа тие добиваат задача да најдат музички примери соодветни за ликовите и за дејството и да ги спојат со видеото преку компјутерска програма..

# 4.4. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ПРЕКУ СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

Продлабочено изучување одделни аспекти од медиумската писменост се овозможува преку слободните изборни предмети што се нудат од четврто до деветто одделение за да го поддржат и/или да го поттикнат интересот на учениците за развивање конкретни компетенции од медиумската писменост преку нивна примена во одделни области.

Наставниците во училиштата ги изработуваат наставните програми за слободните изборни предмети за потребите на своите ученици или, пак, нив ги нуди Бирото за развој на образованието како можност да се користат во сите училишта. Како пример на слободни изборни предмети од областа на медиумската писменост може да послужат следните:

- **НОВИНАРИ И ВЕСТИ**
- **ОНЛАЈН РЕКЛАМИРАЊЕ**
- **ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ**
- **МУЛТИМЕДИЈАЛНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ.**

# 5

# КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАЗВИВАЊЕ МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

Како никогаш претходно, денес се дискутира за штетите во различни сегменти на општеството што се предизвикани од пласирањето дезинформации преку различни медиуми и се актуализира загриженоста за стандардите и за вредностите во нашиот секојдневен медиумски дискурс. Во овој контекст, интересот за медиумска писменост и медиумско образование од речиси маргинален станува сè поголем и побитен, бидејќи реалноста ја истакнува важноста од стекнување вештини и здрави ставови на младите луѓе за да можат успешно да се снајдат и да „опстанат" во сè посложениот медиумски простор.

На образованието за медиумска писменост сè повеќе се гледа како на потреба од развивање сет компетенции што го надминуваат едноставното знаење за тоа како да се користат алатки и платформи и вклучуваат компетенции што ги земаат предвид вештините и ставовите поврзани со стекнување лична, граѓанска и политичка одговорност, како и со промовирање веродостојност, правичност, интегритет, слобода на говорот и почитување на човековите права. Од тие причини, приспособувањето на наставата на потребите на дигиталниот информатички свет треба да биде фокусирано на оспособување на младите луѓе да собираат релевантни информации и да донесуваат добро информирани одлуки. Поради тоа, воведувањето медиумска писменост во образованието, не може да се сведе на осовременување на наставните програми или на донесување нови. Во основата на промените треба да бидат

наставниците што ги поседуваат компетенциите што треба да ги развиваат кај учениците во текот на образовниот процес. За да може да развиваат медиумска писменост кај учениците, и самите наставници треба да бидат медиумски писмени. За таа цел, наставниците треба да имаат компетенции што овозможуваат:[15]

1. познавање на медиумскиот сектор и на професионалното новинарство и препознавање и разбирање на вредноста на објективно и етичко известување;
2. барање и наоѓање кредибилни информации, користење примарни извори, правење разлика меѓу факти и мислења, разбирање на значењето на плагијаторството, на академскиот интегритет и на авторските права;
3. критичко и аналитичко мислење насочено кон носење разумни и самостојни судови, засновани на внимателно одмерување и правилно толкување на информациите што содржат факти, мислења и гледишта;
4. анализирање, верификување и толкување визуелни содржини (фотографии, видеа, инфографици, мемиња, постери, симболи, логоа итн.);
5. практикување социјална толеранција преку етичко онлајн и офлајн комуницирање, препознавање и реагирање на говорот на омраза и на стереотипите и предрасудите присутни во медиумските пораки;
6. обезбедување дигитална безбедност преку почитување на приватноста на интернет и градење отпорност кон кибернасилство;
7. користење иновативни и креативни пристапи при создавање медиумски пораки со целосно почитување на етичките правила за одговорна употреба на дигиталните алатки; и
8. идентификување присуство на пропаганда, лажни информации и дезинформации во медиумските содржини и пораки и градење отпорност кон манипулација во медиумскиот простор.

Тоа значи дека сите наставници, во текот на иницијалното образование и/или како дел од нивниот професионален развој, без оглед на предметот што го предаваат и одделението/годината во кое/која предаваат, треба да поминат обука за стекнување на компетенциите за медиумска писменост. Обуката задолжително треба да ги опфати следните теми:[16]

- функционирањето на медиумите и на другите даватели на информации;
- разбирање, организирање и вреднување на информациите;
- проверка на вистинитоста на информациите;
- пристап до извори на информации и барање информации со користење алатки за лоцирање и пронаоѓање на информациите;
- критичко вреднување на медиумските информации во рамките на специфичниот и поширокиот контекст;
- користење на медиумите и на другите даватели на информации за промовирање на основните слободи и на доживотното учење;
- медиумска етика и етика на информирање;
- меѓународни стандарди, слобода на информирање и ограничувања потребни за да се спречи кршење на правата на другите (говор на омраза, клевета, приватност);
- очекувања од медиумите и од другите даватели на информации (плурализам и различност).

15 Приспособено од програмата *„Учиме да распознаваме“ (Learn to Discern)* на IREX Global Media and Information Literacy.

16 Приспособено од Wilson, Carolyn, Grizzle, Alton, Tuazon, Ramon, Akyempong, Kwame, Cheung, Chi Kim (2011). *Media and information literacy curriculum for teachers.* [https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000192971]

За да овозможи успешно развивање на компетенциите за медиумска писменост кај учениците, обуката треба исто така да придонесе наставниците да ја сфатат интеракцијата на учениците со медиумите и да стекнат вештини за тоа како да ја максимизираат употребата на различните медиуми во наставата, придонесувајќи притоа не само за постигнување на когнитивните цели во наставата (преку примена на критичко и аналитичко мислење), туку и за подобрување на социјалниот развој на учениците (преку почитување на различните погледи и перспективи), без да се наруши нивниот емоционален развој (преку заштита на личните податоци и отпорност кон емоционална манипулација).